
ОПШТИНА
ВЕВЧАНИ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ВЕВЧАНИ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Почитувани вевчанци,

Поминаа четири години од денот кога пред вас се обврзав да работам чесно, непристрасно и да бидам градоначалник на сите без разлика на било каква определба.

Тоа што го ветив и го исполнив. Секој жител на Општина Вевчани кој ја побара мојата помош при решавање на проблемите со кои се соочуваа, беше примен, сослушан и му беше укажана потребната помош, во рамки на можностите на локалната самоуправа. Се обврзав дека нема да го доведам во прашање интегритетот и угледот на Општината и на тоа останав доследен.

Иако затекнав нефункционална и приватизирана Општина како резултат на кронистички и лукративни интереси на претходното раководство на Општината, демотивирана и деградирана општинска администрација, долг од над 2,5 милиони денари и огромен број на нереализирани проекти и нерешени предмети, сепак ја преобразивме Општината во пример за тоа како од нефункционалност може да се изгради приказна за успех. Нашата визија за Вевчани што ја поставивме пред четири години, која иако беше на мета и негодувања од изминатата централна власт, денес е докажана како остварлива. Неуморната работа и посветеност за прибирање и реализација на проекти е успех за сите граѓани на Вевчани.

Како кандидат за градоначалник за втор мандат од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, пред вас се обврзувам и ветувам дека она што остана нереализирано, ќе биде завршено во следните четири години, проследено со нови проекти кои се во



интерес и од потреба за сите нас - жителите на Вевчани, за развој и просперитет на нашата Општина.

И овој пат како пред четири години, Ви нудам Програма која ќе ги задоволи интересите на сите, без разлика на било каква определба. Ветувам дека ќе продолжам да бидам градоначалник на сите и заедно со кандидатите за советници од редовите не ВМРО-ДПМНЕ, ја бараме Вашата поддршка сѐ со цел Вевчани да го продолжи патот по кој тргна, а тоа е напредок, развој и место посветено на сите.

Без предрасуди и заеднички да продолжиме за нашето Вевчани.

Искрено ваш,
Спасе Кочовски!

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Леон Даскалоски - Носител на листа
2. Александра Велкоска
3. Милован Костојчиноски
4. Слаѓана Топузоска Алулоска
5. Ристе Костојчиноски
6. Климентина Гогоска
7. Дарко Пешиноски
8. Ивана Коженска
9. Боро Пешиноски



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

- Проширување на капацитетот на детската градинка преку доградба на нов дел;
- Изградба на мултифункционално игралиште во училишниот комплекс;
- Реконструкција на кино салата во Домот на културата.

# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Изградба на локални улици и реконструкција на улици и патишта низ територијата на Општина Вевчани.

- Лазороj-Зелен пазар (изработена техничка документација);
- Аврамов мост-Кожеј (изработена техничка документација);
- Заобиколница Русеј-Кутмичевица;
- Центар-Наној-Баткој;
- Центар-Вевчански извори;
- Баткој-Алулој;
- Алулој-Смолејца;
- Резервоар „Извор"-Смолејца;
- Обиколница-Аврамој.

## Урбана инфраструктура:

- Целосна реконструкција на локалитетот „Вевчански извори";
- Реконструкција на пешачки мостови на кеј на Вевчанска река;
- Уредување на паркови;
- Уредување и реконструкција на излетнички места и
- Реконструкција на осветлување и урбана опрема на кеј на Вевчанска река.

## Одржлив урбан развој

Урбанизација на сите области кои се под надлежност на Општина Вевчани и изработување на урбанистичка планска документација за истите.



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- Поддршка на иновации и претприемништвото.

Општина Вевчани никогаш не била кочница за развој на иновациите и претприемништвото, туку поттикнувала развој на овој сегмент и ќе продолжи со подршка на иноваторите и претприемачите во Вевчани;

- Подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на МСП;
- Локална стратегија за промоција на странски инвестиции;
- Поддршка на занаетчиството и малите локални бизниси;
- Реконструкција и пробивање на земјоделски патишта со цел развој на земјоделието во Општина Вевчани.

# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

- Финансиска поддршка за првоодделенци и полуматуранти.

Континуитет на започнатиот проект пред 4 години – постојана поддршка на првоодделенците и полуматурантите;

- Реконструкција на библиотеката во Општина Вевчани (изготвена проектна и техничка документација);
- Помагање и потткнување на ученици за учество на меѓуопштински, регионални, државни и меѓународни натпревари за ученици од основно училиште;
- Поддршка на активностите на Локалниот младински совет;
- Поддршка на активностите во основното училиште во Општина Вевчани.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- Дигитални услуги и дигитална општина (open data-систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот);
- Електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на Општината;
- Дигитализација на архивата – претворање на хартиените документи во дигитален формат за побрз и поефикасен пристап;
- Дигитална инфраструктура (проширување на опфатот на бесплатно достапен јавен WiFi, проширување на оптичката мрежа).



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- Реконструкција на спортско игралиште во центарот на Вевчани;
- Поддршка на спортски друштва во Општина Вевчани;
- Поддршка на спортски настани.

# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

- Замена на постојните светилки за улично осветлување со нови енергетски ефикасни светилки;
- Зголемување на бројот на корпи за отпадоци низ територијата на Општина Вевчани;
- Набавка на машини и опрема за одржување на јавната чистота и зелените површини низ Општината;
- Набавка на мини багер и мулчер, на машини за метење и слични машини за истите активности;
- Замена на стари и водомери со нови водомери со далечинско отчитување;
- Поставување на мерни инструменти за проток на вода на влезот и излезот од собирните каптажи за вода за пиење;
- Набавка на машина за електрофузија за потребите на јавното претпријатие за комунални дејности;
- Изградба и реконструкција на канали за наводнување и собирање на атмосферска вода низ територијата на Општина Вевчани;
- Изградба на нови и реконструкција на постојни канализациони линии;
- Изградба на нови и реконструкција на постојните водоводни линии;
- Континуирана соработка со фондовите за природа.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

- Континуирано учество на домашни и меѓународни саеми за промоција на туризмот;
- Уредување на пристапен пат до црквата „Св. Спас Горни“ со цел развој на манастирскиот туризам;
- Уредување на пристапен пат до црквите „Св. Димитрија“ и „Св. Петка“;
- Изработка на апликација/платформа за целосната туристичка понуда во Општина Вевчани;
- Отворање на туристичко биро и музеј со цел проширување на културната и туристичка понуда – во соработка со Владата;
- Промоција и финансиска поддршка на брендот Вевчани грин;
- Идентификација и категоризација на сите сместувачки капацитети во Општина Вевчани;
- Уредување на трим-патеките низ Споменик на природа „Вевчански извори“.

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

- Континуирана поддршка и организација на Вевчанско лето;
- Поддршка на Вевчански карневал;
- Поддршка на Василичарски друштва;
- Поддршка на фастивалот за народна култура и традиција „Пображење“;
- Поддршка на здруженија на граѓани кои се занимаваат со развој на вевчанската култура и традиција;
- Отпочнување процес за внес на Вевчански карневал во УНЕСКО.

# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Изработка на проектна документација и реализација на проектот за промена на кров и реконструкција на поткровје во ЈЗУ „Здравствен дом“ Вевчани;
- Континуирана поддршка на здружението на пензионери во Општина Вевчани;
- Зголемување на финансиска поддршка за секое новороденче во Општина Вевчани;
- Соработка со здруженија на граѓани од областа на социјална и здравствена заштита;
- Поддршка на активностите во детската градинка.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- Опремување на Музеј на вевчанската историја и традиција (Во Мултикултурен Центар „Коста Србакоски“ – Вевчани);
- Изработка на дигитална архива на вевчанскиот говор – платформа со речник, аудио и видео записи;
- Бесплатно советувалиште за ментално здравје во вевчанската болница;
- Реконструкција на улица „Обиколница – Аврамој“.
- Годишна акција за пошумување;
- Поставување на споменик на вевчанската жена (во носија) во центарот на Вевчани;
- Изградба на велосипедска патека;
- Изградба на жичара до Манастирот „Св. Спас“;
- Ревидирање на веќе заштитените куќи со традиционална и автентична архитектура и впишување на нови куќи;
- Изградба на фудбалско игралиште;
- Осветлување / поставување на канделабри на Обиколница Вевчани и изградба на пешачка патека;
- Осветлување / поставување на канделабри од „Порта Вевчани“ до влез на Вевчани;
- Набавка на униформи за сите ученици од ООУ „Страшо Пинџур“ – Вевчани, како и набавка на опрема за наставата по физичко образование (маици и шорцеви);
- Бесплатен оброк во училиште за децата, барем до 5-то одделение (ако има можност и до 9-то одделение);
- Стипендии или подароци за ученици кои имаат освоено награди на државни или меѓународни натпревари;
- Доградба на градинката – доградба на уште простории;
- Продолжување на пешачките патеки од Вевчански извори до Ѓорејца;
- Велосипедска патека до „Порта Вевчани“;
- Изготвување на сообраќајно решение за ослободување на тротоарите од паркирани автомобили;
- Изградба на патот од Вевчански извори до Смолејца;
- Уредување и обезбедување на паркинг простор за полесен проток на сообраќајот преку ослободување на улиците од паркираните автомобили;
- Организација на „Велигденски Базар“ од страна на ООУ „Страшо Пинџур“;
- Организација на неколкудневен „Зимски град“ или „Божиќен базар“ од Општина Вевчани;
- Урбанизација на дел од улиците во Вевчани и изнаоѓање решение за паркинзи;
- Брендирање на сите производи од Вевчани „Products of Vevchani“;

- Организација на саем на традиционална храна во спортското двориште или спортската сала;
- Изградба и опремување на капела во вевчанските гробишта;
- Реконструкција на Вевчански извори и кејот на Вевчанска река;
- Организација на повеќе спортски настани во разни спортови, како фудбал и кошарка;
- Чисти и уредни вевчански улици – секојдневна грижа за хигиена во разните предели на општините;
- Уредување на повеќе зелени површини;
- Редовно учество на саеми за туризам во регионот, организирано со сите чинители на туристичката понуда во Вевчани.
- Во соработка со Министерство за култура и туризам како и КИЦ Белград, организација на годишен културен настан „Средби со дијаспората“; Повеќедневен настан кој ќе вклучува фолклорни и инструментални изведби, промоции на книги, изложби, како и органзација на фудбалски натпревар помеѓу ФА Вевчани со децата од нашата дијаспора во Србија. Овој настан би отворил можности за повторно зближување, а секако и за инвестиции во Општината;
- Кампања за промоција на Вевчани како дестинација „Experience Vevchani“, фотографии, видеа, соработки со познати личности.
- Бесплатна едукација за органско производство и екоетикети – за туристички пласман на производи;
- Финансирање на неколку лица за стекнување на лиценца за туристички водич;
- Уредување на „Instagram friendly“ локации за промоција на Вевчани преку социјалните мрежи.

ВМРО-ДПМНЕ